**КИРМ**
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ДП. бр. 390**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на Република Македонија (подолу како ДК при КИРМ), во состав: извршител Снежана Фитеска претседател на ДК на Комората на извршители на РМ, извршител Саветка Георгиева член-известител на Дисциплинска Комисија, судија Владимир Панчевски Основен суд Скопје 1 Скопје, судија Сандра Крстиќ Основен суд Скопје 1 Скопје и Нада Симјановска од Министерство за правда на РМ, како членови на Дисциплинска Комисија, и Билјана Николовска како записничар, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр.09-355 од 22.11.2013 година на Министерот за правда на РМ, во присуство на обвинетиот извршител З.М од КП лично, по одржан претрес на ден 17.12.2013 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

СЕ ОГЛАСУВА за виновен Извршител З.М именувана за подрачјето на Основниот суд во К, Основниот суд во КПи Основниот суд во К со адреса на ул. бр. во КП.

ЗАТОА ШТО:

I.Извршителот З.М постапувајќи по предметот И бр.398/12 не преземал извршни дејствија на попис, процена, пленидба и продажба врз патничкото моторно возило Ford focus со рег.бр. KU МК во сопственост на должникот Д.А од КПназначен како прв солидарен должник во барањето за извршување заведено под И.бр.398/12, иако извршителот имал податоци од Министерството за внатрешни работи - Сектор за внатрешни работи К ПС-ОН КП, дека должникот Д.А поседува патничко моторно возило, односно наместо тоа извршителот донел налози за извршување за секој солидарен должник посебно во кои ја поделил обврската на сите солидарни должници и неоправдано го одложувал извршувањето на извршната исправа, со што извршителот не постапил во согласност со член 6, член 27 ставови 2 и 3, член 40 став 1 алинеја 7 и член 207 од Законот за извршување .

II. Извршителот на ден 15.11.2012 година донел Заклучоци со кои ги ставил вон сила Налогот за извршување И.бр.398/12 од 07.06.2012 година за должникот Д.А. Налогот за извршување И бр.398/12 од 07.06.2012 година за должникот Н.С, Налогот за извршување И бр.398/12 од 07.06.2012 година за должникот Г.Ѓ и Налогот за извршување И бр.398/12 од 07.06.2012 година за должникот В.Н, со што постапил спротивно на член 77 став 8 од Законот за извршување, според кој претседателот на судот со решението со кое го усвојува приговорот ги утврдува сторените неправилности и ги става вон сила преземените извршни дејствија ;

III. Извршителот вршејќи ја должноста по предметот И.бр.472/12 од 21.06.2012 година, не преземал извршни дејствија врз патничкото моторно возило на солидарниот должник Б.Мод КП, иако на ден 05.09.2012 година примил известување од Секторот за внатрешни работи К - ПС КПдека солидарниот должник Б.М поседува патничко моторно возило, со што неоправдано го одложувал извршувањето и на тој начин постапил спротивно на член 6, член 27 ставови 2 и 3 и член 40 став 1 алинеја 7, од Законот за извршување.

IV. Извршителот вршејќи ја должноста по предметот И.бр.473/12 од 21.06.2012 година, во периодот од 21.06.2012 година кога издал Налог за извршување (врз основа на член 86 став 1 од Законот за извршување), па се до 27.09.2013 година кога издал Налог за извршување (врз основа на член 129 од Законот за извршување) извршителот не преземал никакви извршни дејствија, со што само го одолговлекувал извршувањето, и на тој начин постапил спротивно на член 6 и член 27 ставови 2 и 3 од Законот за извршување

**со кои дејствија** извршителот З.М од КП постапувајќи по предметот И.бр.398/12 сторил дисциплинска повреда: „ неоправдано го одложува извршувањето“ од член 54-г став 1 алинеја 10 и дисциплинска повреда „ при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон“ од член 54 —д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување опишани во точка 1, дисциплинска повреда : „ при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон“ од член 54 —д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување опишана во точка 2, и постапувајќи по

предметот И.бр. 472/12 сторил дисциплинска повреда „ неоправдано го одложува извршувањето“ од член 54-г став 1 алинеја 10 од Законот за извршување опишана во точка 3 како и постапувајќи по предметот И.бр.473/12 сторил дисциплинска повреда „ неоправдано го одложува извршувањето“ од член 54-г став 1 алинеја 10 од Законот за извршување опишана во точка 4 ,

па со примена на правилата на казнено право член 40 и член 41 од КЗ за вонредно ублажување на казната врз основа на 54 –а од Закон за извршување му се изрекува

ПАРИЧНА КАЗНА

во висина од евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на ден на изрекување

СЕ ЗАДОЛЖУВА извршителот З.М од КП утврдената парична казна од ова решение да ја плати во рок од 15 дена од приемот на решението под страв на присилно извршување.

*Образложение*

Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП.бр.09-355 од 22.11.2013 година е поднесен од страна на Министерот за правда против извршителот З.М од КП врз основа на Извештај за спроведен вонреден надзор врз работата на извршителот бр.09-355 од 08.11.2013 година со увид во предметите И.бр.398/12, И.бр.472/12 и И.бр.473/12 во канцеларијата на извршителот. Предлогот е поднесен со наводи дека извршителот сторил дисциплинска повреда по член 54-г став 1 алинеја 10 од Законот за извршување и дисциплинска повреда по член 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување затоа што при спроведување на извршувањето по предметот И.бр.398/12 не преземал извршни дејствија на попис, процена, пленидба и продажба врз патничкото моторно возило Ford focus со рег.бр. KU МК во сопственост на должникот Д.А од КПназначен како прв солидарен должник во барањето за извршување заведено под И.бр.398/12, иако извршителот имал податоци од Министерството за внатрешни работи - Сектор за внатрешни работи К ПС-ОН КП, дека должникот Д.А поседува патничко моторно возило, односно предалагачот смета дека извршителот со тоа што донел налози за извршување за секој солидарен должник посебно во кои ја поделил обврската на сите солидарни должници неоправдано го одложувал извршувањето на

извршната исправа, со што извршителот не постапил во согласност со член 6, член 27 ставови 2 и 3, член 40 став 1 алинеја 7 и член 207 од Законот за извршување.

Предлогот на Министерот за правда е и со наводи дека Извршителот на ден 15.11.2012 година донел Заклучоци со кои ги ставил вон сила Налогот за извршување И.бр.398/12 од 07.06.2012 година за должникот Д.А. Налогот за извршување И бр.398/12 од 07.06.2012 година за должникот Н.С, Налогот за извршување И бр.398/12 од 07.06.2012 година за должникот Г.Ѓ и Налогот за извршување И бр.398/12 од 07.06.2012 година за должникот В.Н, со што предлагачот смета дека извршителот постапил спротивно на член 77 став 8 од Законот за извршување, според кој претседателот на судот со решението со кое го усвојува приговорот ги утврдува сторените неправилности и ги става вон сила преземените извршни дејствија. Понатаму, предлогот е и со наводи дека извршителот вршејќи ја должноста по предметот И.бр.472/12 од 21.06.2012 година, не преземал извршни дејствија врз патничкото моторно возило на солидарниот должник Б.Мод КП, иако на ден 05.09.2012 година примил известување од Секторот за внатрешни работи К - ПС КПдека солидарниот должник Б.Мпоседува патничко моторно возило, со што предлагачот смета дека извршителот неоправдано го одложувал извршувањето и на тој начин постапил спротивно на член 6, член 27 ставови 2 и 3 и член 40 став 1 алинеја 7 од Законот за извршување.

Исто така, Предлогот е и со наводи кои го товарат извршителот З.Мдека вршејќи ја должноста по предметот И.бр.473/12 од 21.06.2012 година, во периодот од 21.06.2012 година кога го издал Налогот за извршување (врз основа на член 86 став 1 од Законот за извршување), па се до 27.09.2013 година кога издал Налог за извршување (врз основа на член 129 од Законот за извршување) извршителот не преземал никакви извршни дејствија, со што предлагачот смета дека извршителот го одолговлекувал извршувањето, и на тој начин постапил спротивно на член 6 и член 27 ставови 2 и 3 од Законот за извршување.

Врз основа на наведеното, предлагачот смета дека извршителот сторил дисциплински повреди по член од член 54-г став 1 алинеја 10 од Законот за извршување, и дисциплински повреди по член 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување и предлага Дисциплинската комисија при КИРМ да поведе дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност и на извршителот да му изрече соодветна дисциплинска мерка.

Извршителот З.Мод КПво своја одбрана на главен претрес и во писмен одговор од ден 13.12.2013 година наведе дека по предметот И.бр.398/12 едниот од солидарните должници бил во притвор, од кои причини извршителот издал налог по чл. 86 од ЗИ и ја испитувал економската состојба на должниците па при издавањето на налозите за секој должник поединечно извршителот всушност направил обид паричното побарување на доверителот да биде наплатено со помалку трошоци и побрзо согласно начелата на економичност и ефикасност. Откако Комората во 2012 година завземала став околу начинот на наплатата од солидарните должници, извршителот со заклучок ги ставил вон сила своите налози издадени спрема секој должник поединечно и извршувањето го насочил спрема солидарниот должник кој бил наведен втор во барањето од причина што првиот солидарен должник освен што бил во притвор немал ни средства на својата сметка а ниту пак подвижен ниту недвижен имот. Извршителот наведе дека на доверителот му била доставена про-фактура но истиот нема уплатено авансирање на средства на извршителот.

Во однос на предметот И.бр. 472/12 извршителот издал налог по член 129 од ЗИ врз плата на должникот до работодавецот, од каде бил известен дека веќе има задршки од платата вработениот кои ќе траат уште неколку години. Доверителот го известил извршителот дека должникот има возило но истиот не авансирал средства поради што извршителот не го сменил средството на извршување.

Во делот на наводите од предлогот кои се однесуваат на предмет И.бр. 473/12 извршителот наведе дека бил издаден налог по чл.86 од ЗИ спрема должникот а по добивање на информација дека должникот е во редовен работен однос извршителот издал налог за извршување врз платата на должникот.

Извршителот во своја одбрана истакна дека доверителот нема пуштено приговор против актите на извршителот а истите му биле навремено доставувани додека пак од друга страна истиот нема платено ниту цена на администрирање на предметите. Извршителот наведе дека наводите од точка 1 до точка 4 од предлогот се неосновани од причина што извршителот постапил со итност и редослед по предметите и по прием на барањата за извршување извршителот веднаш ги завел во уписникот и им дал соодветен И.број. Извршителот наведе и дека по предметите постапувал согласно член 27 од ЗИ став 2 и 3 од ЗИ со самото тоа што издал налог за секој солидарен должник поединечно и на тој начин избирајќи го средството за извршување. Понатаму, извршителот наведе и дека не постапил спротивно на чл.40 став 1 алинеја 7 од ЗИ бидејќи доверителот не авансирал средства а со цел пристапување кон попис, процена и пленидба на возилото во сопственост на должникот а од друга страна извршителот со издавање на налогот по чл.86 од ЗИ ставил забрана за должникот да го оттуѓува имотот , па врз осова на истото и доверителот водел подоцна постапки кои резултирале со кривично правни последици за должникот кој го отуѓил возилото. Извршителот смета и дека постапил во целост во согласност со член 207 од ЗИ бидејќи издал налог за секој

солидарен должник посебно врз основа на воспоставена пракса иста како и кај други извршители во вакви предмети но по завземениот став на Комората на извршители во 2012 година истиот со заклучок ги ставил вон сила. Извршителот наведе дека делот од предлогот за неосновано одложување на извршувањето е неоснован од причина што солидарниот должник наведен како прв во барањето за извршување бил постојанао вио притвор и истиот бил неимотен. Во своја одбрана извршителот се повика и на Решение на Претседателот на Комората ПР.бр.27/13 од 24.09.2013 година и од 15.11.2013 година со кое не поведува постапка против извршителот, а по основ истите наводи од истиот доверител за истата правна работа.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес на ден 17.12.2013 година, ги дозволи и изведе следните докази:

1. Извештај УПП.бр.09-355 од 08.11.2013 година на Министерство за правда на РМ;
2. Барање за извршување од 07.05.2012 година од доверител З.А;
3. Пресуда П.бр.130/99 од 23.04.2003 година на Основен суд во КП;
4. Податоци –доставува рег бр.10.1.7.2-605/2 од 28.05.2012 година од МВР на РМ ПС –ОН Кр. Паланка ;
5. Барање за информации И.бр.398/12 од 07.05.2012 година на извршител З.Мод КП;
6. Барање за информации И.бр.398/12 од 07.05.2012 година на извршител З.Мод КП;
7. Потврда 1108-91/12 од 23.05.2012 година на Агенција за катастар на недвижностите на РМ;
8. Потврда 1108-90/2012 од 23.05.2012 година на Агенција за катастар на недвижности на РМ ;
9. Налог за извршување И.бр. 398/12 од 07.06.2012 година на извршител З.Мод КПза должник Д.А;
10. Повратница од пошта за достава на налог за извршување од 07.06.2012 година;
11. Повратница од пошта за достава на налог за извршување од 07.06.2012 година и од 21.06.2012 година;
12. Повратница за достава на налог за извршување И.бр.398/12, 685/10 и 686/10 до Г.Ѓ ;
13. Повратница за достава на налог И.бр.398/12 од 07.06.2012 година до В.Н ;
14. Повратница за достава на налог И.бр.398/12 од 07.06.2012 година до работодавец;
15. Доставница И.бр.398/12 за достава на Налог од 07.06.2012 година до доверител;
16. Доставница И.бр.398/12 за достава на Налог од 07.06.2012 година до доверител;
17. Доставница И.бр.398/12 за достава на Налог од 07.06.2012 година до доверител;

18. Доставница И.бр.398/12 за достава на Налог од 07.06.2012 година до доверител;
19. Барање од доверител до извршител од 14.11.2012 година
20. Одговор до доверител од 15.11.2012 година ;
21. Налог за извршување И.бр. 398/12 од 07.06.2012 година на извршител З.Мод КПза должник Н.С;
22. Налог за извршување И.бр. 398/12 од 07.06.2012 година на извршител З.Мод КПза должник Г.Ѓ ;
23. Налог за извршување И.бр. 398/12 од 07.06.2012 година на извршител З.Мод КПза должник В.Н ;
24. Ажурирање на податок во И.бр.398/11 од 29.10.2012 година на извршител З.Мод КП;
25. Известување од МВР на РМ Отсек за управни работи рег.бр.10.1.7.3-605/4
26. Барање до МВР на РМ од 07.09.2012 година од подносител Ч.Д;
27. Доставница за достава на Налог од 25.06.2012 година до работодавец;
28. Известување бр.05-сл. Од 31.07.2012 година од ЈП Македонски шуми ПШС Осогово КП;
29. Барање за информации И.бр.472/12 од 16.08.2012 година на извршител З.М;
30. Известување рег.бр.10.1.992/1 од 04.09.2012 година на Министерството за внатрешни работи на РМ ПС –ОН КП;
31. Барање за извршување од 21.06.2012 година од доверител З.А
32. Налог за извршување И.бр.473/12 од 21.06.2012 година на извршител З.Мод КП;
33. Повратница од пошта за достава на Налог И.бр.473/12 од 29.06.2012 година;
34. Доставница И.бр.473/12 од 21.06.2012 година за достава на налог до доверител;
35. Барање за информации и податоци И.бр.398/12 од 07.05.2012 година од извршител З.Мод КП;
36. Налог за извршување ( по чл. 139 од ЗИ ) И.бр.473/12 од 27.09.2013 година на извршител З.Мод КП;
37. Договор за продажба на возило од 13.08.2012 година заверен на нотар Ј.Мод К;
38. Заклучок и.бр.398/12 од 15.11.2012 година И.бр.398/12 на извршител З.М;
39. Заклучок и.бр.398/12 од 15.11.2012 година И.бр.398/12 на извршител З.М;
40. Заклучок и.бр.398/12 од 15.11.2012 година И.бр.398/12 на извршител З.М;
41. Заклучок и.бр.398/12 од 15.11.2012 година И.бр.398/12 на извршител З.М;
42. Налог И.бр.398/12 од 15.11.2012 година И.бр.398/12 по член 137 ст.1 од ЗИ ;
43. Доставница И.бр.398/12 за достава на Налог И.бр.398/12 до банка;
44. Предлог од 04.02.2013 од доверител ;
45. Налог за извршување врз недвижност (по чл.154 од ЗИ) И.бр.398/12 од 19.02.2013 година на извршител З.Мод КП;
46. Доставница за достава на Налог од 19.02.2013 до АКН;
47. Барање за застанување со извршување И.бр.398/12 од 08.03.2013 година ;
48. Доставница за достава на барање за застанување со извршување до УНИ банка АД Скопје ;
49. Известување во И.бр.398/12 од 08.04.2013 година до доверител;

50. Про-фактура бр.1/13 од 08.04.2013 година до доверител З.А;
51. Барање за извршување И.бр.472/12 од 21.06.2012 година ;
52. Пресуда К.бр.87/02 од 18.11.2004 година на Основен суд во КП;
53. Налог за извршување И.бр.472/12 по чл. 129 од ЗИ од 25.06.2012 година на извршител З.Мод КП;
54. Известување од МВР ПС –ОН КПрег. Бр.10.1.7.-992/1 од 04.09.2012 година ;
55. Барање од доверител З.А од 16.11.2012 година
56. Известување до доверител бр.472/12 од 16.11.2012 година од извршител З.Мод КП
57. Известување до доверител за И.бр.472/12 и 1241/12 од извршител З.Мод 08.04.2013 година;
58. Налог за извршување И.бр.473/12 од 21.06.2012 година на извршител З.Мод КП;
59. Повратница за достава на Налог за извршување И.бр.398/12 и И.бр.473/12 до должник;
60. Налог за извршување И.бр.473/12 од 27.09.2013 година ;
61. Повратница за достава на налог за извршување И.бр.473/12 од 27.09.2013 година ;
62. Доставница за достава на Налог за извршување од 27.09.2013 година И.бр.473/12 до должник;
63. Известување до доверител И.бр.472/12 и И.бр.1241/12 од извршител З.Мод КПод 08.04.2013 година;
64. Решение ПР.бр.27/2013 на Претседателот на Комората од 24.09.2013 година ;
65. Решение ПР.бр.27/13 на Претседател на Комора на ден 15.11.2013 година;

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одбраната на извршителот, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

Извршителот З.Мпримил барање за извршување на ден 07.05.2012 година заведено под И бр.398/12 од доверителот З.А од КПподнесено преку полномошник Ј.А адвокат од КП, против солидарните должници 1. Д.А, 2. Н.С, 3. Г.Ѓ и 4. В.Н сите од КПврз основа на Пресуда на Основниот суд во КПП.бр. 130/99 од 23.04.2003 година, со која сите должници се задолжени солидарно да му ја надоместат на доверителот нематеријалната штета во износ од ден. со камата сметано од 23.04.2003 година до конечната исплата, должникот Д.А е задолжен да му надомести на доверителот материјална штета во износ од ден. со камата сметано од 06.05.1999 година до исплатата, како и должниците се задолжени на доверителот да му ги надоместат трошоците на постапката во износ ден. со камата сметано од 23.04.2003 година до исплатата. Во барањето за извршување Д.А бил назначен како прв солидарен должник.

Постапувајќи по барањето за извршување извршителот поднел барање за информации до ПС КПдали должниците поседуваат на свое име патничко или товарно моторно возило.

На ден 22.05.2012 година извршителот доставил до Агенцијата за вработување на РМ барање за податоци и информации дали должникот Д.А е вработен и до Агенцијата

за катастар на недвижности барање за податоци и информации дали должникот Д.А е евидентиран како носител на право на недвижност.

На ден 31.05.2012 година извршителот примил известување од МВР- Сектор за внатрешни работи К- ПС-ОН КП, дека должникот Д.А поседува патничко моторно возило со рег.бр.KU МК регистрирано до 06.06.2012 година, а дека другите должници Н.С, Г.Ѓ и В.Н не поседуваат моторни возила.

На ден 04.06.2012 година извршителот примил Потврда од Агенцијата за катастар на недвижности на РМ- Одделение за катастар на недвижности КПдека лицето Д.А не е запишано како носител на право на недвижност.

Истиот ден извршителот примил Потврда од Агенцијата за катастар на недвижности на РМ- Одделение за катастар на недвижности КП, дека лицето Г.Ѓ не е запишано како носител на право на недвижност.

На ден 07.06.2012 година извршителот донел налози за извршување за секој должик посебно во кои ја поделил обврската на сите солидарни должници.

Имено на ден 07.06.2012 година извршителот издал Налог за извршување (врз основа на член 86 став 1 од Законот за извршување) со кој му наложил на должникот Д.А во рок од 3 дена по приемот на налогот да плати износ од ден. на име главен долг со камата сметано од 23.04.2003 до исплатата, износ од ден. на име главен долг со камата сметано од 06.05.1999 година до исплатата, износ од ден. на име трошоци на постапката определени во извршната исправа со камата сметано од 23.04.2003 година до исплатата, трошоци на извршувањето во износ од ден. и износ од ден. на име извршни трошоци за полномошникот. Извршителот налогот за извршување го доставил до должникот Д.А по пошта на ден 29.06.2012 година.

Истиот ден извршителот издал Налог за извршување (врз основа на член 86 став 1 од Законот за извршување) со кој му наложил на должникот Н.С во рок од 3 дена по приемот на налогот да плати износ од ден. на име главен долг со камата сметано од 23.04.2003 до исплатата, износ од ден. на име трошоци на постапката определени во извршната исправа со камата сметано од 23.04.2010 година до исплатата, трошоци на извршувањето во износ од ден. и износ од ден. на име извршни трошоци за полномошникот. Извршителот налогот за извршување го доставил до должникот Н.С по пошта на ден 29.06.2012 година.

Исто така извршителот издал Налог за извршување (врз основа на член 86 став 1 од Законот за извршување) од 07.06.2012 година со кој му наложил на должникот Г.Ѓ во рок од 3 дена по приемот на налогот да плати износ од ден. на име главен долг со камата сметано од 23.04.2003 до исплатата, износ од ден. на име трошоци на постапката определени во извршната исправа со камата сметано од 23.04.2010 година до исплатата, трошоци на извршувањето во износ од ден. и износ од ден. на име извршни трошоци за полномошникот. Извршителот налогот за извршување го доставил до должникот Г.Ѓ по пошта на ден 28.06.2012 година.

На ден 07.06.2012 година извршителот донел Налог за извршување (врз основа на член 129 од Законот за извршување) со кој определил забрана на 1/3 од платата што должникот В.Н ја остварува кај работодавецот С ТП В.С.Н. Извршителот го доставил налогот за извршување до должникот и до работодавецот по пошта на 03.07.2012 година.

На ден 31.10.2012 година извршителот доставил до ПС КПбарање за известување дали возилото е регистрирано.

На ден 09.11.2012 година извршителот примил известување од Министерство за внатрешни работи - Отсек за управни работи К - КПдека возилото со рег.бр.KU  MK е одјавено на ден 07.09.2012 година од страна на новиот сопственик Ч.Д, односно дека претходниот сопственик Д.А склучил Договор за купопродажба со лицето Ч.Д од К, во кој договор било наведено дека продавачот го овластува купувачот да го регистрира возилото на свое име и да ги одјави таблиците и возилото. Во известувањето наведено е дека Договорот за купопродажба е заведен под УЗП бр.6462/12 од 13.08.2012 година.

На ден 15.11.2012 година извршителот донел Заклучок со кој го ставил вон сила Налогот за извршување И бр.398/12 од 07.06.2012 година за должникот Д.А. Исто така извршителот донел Заклучок со кој го ставил вон сила Налогот за извршување И бр.398/12 од 07.06.2012 година за должникот Н.С, Заклучок со кој го ставил вон сила Налогот за извршување И бр.398/12 од 07.06.2012 година за должникот Г.Ѓ и Заклучок И бр.398/12 со кој го ставил вон сила Налогот за извршување И бр.398/12 од 07.06.2012 година за должникот В.Н.

На ден 15.11.2012 година извршителот издал Налог за извршување врз побарување по сметка кај банка (врз основа на член 137 став 1 од Законот за извршување) со кој му наложил на носителот на платен промет кај кој должникот Д.А имал парично побарување паричниот износ од ден. на име главен долг со камата сметано од 23.04.2003 година до исплатата, износ од ден. на име главен долг со камата сметано од 06.05.1999 година до исплатата, износ од ден. на име трошоци на постапката определени во извршната исправа сметано од 23.04.2003 година до исплатата, трошоци на извршувањето во износ од ден. и износ од ден. на име извршни трошоци за полномошникот да го исплати на сметката на извршителот. Извршителот налогот за извршување го доставил до носителот на платен промет на ден 20.11.2012 година.

На ден 04.02.2013 година извршителот примил предлог од доверителот во кој доверителот му предложил на извршителот да издаде налог за извршување по сметка кај банка и спрема останатите тројца солидарни должници, бидејќи имал сознанија дека имаат прилив на нивните трансакциски сметки.

На ден 19.02.2013 година извршителот донел Налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 154 од Законот за извршување) со кој се спроведува извршување врз недвижноста на должникот Н.С запишана во Имотен лист бр.337 за КО Мартиница при Агенцијата за катастар на недвижности - Одделение за катастар на недвижности КП. Извршителот го доставил Налогот за извршување до Агенцијата за катастар на недвижности на РМ - Одделение за катастар на недвижности КПна ден 19.02.2013 година .

На ден 11.03.2013 година извршителот доставил Барање за застанување со извршување (врз основа на членот 205 став 1 од Законот за извршување) до носителот на платниот промет УНИ Банка АД Скопје до кој бил доставен Налогот за извршување И бр.398/12 од 15.11.2012 година, врз основа на барањето да застане со извршувањето, така што понатаму да не врши издвојување на парични средства од сметката на должникот Д.А, бидејќи извршувањето ќе продолжи со друго средство за извршување.

На ден 08.04.2013 година извршителот составил известување со кое го известува доверителот, дека следи проценување на недвижноста, поради што доверителот треба да авансира парични средства за предметот И бр.398/12. Извршителот издал и Профактура бр.1/13 за доверителот З.А, за аванс по предметот И бр.398/12 за проценка

на недвижноста и за објава за јавно наддавање на износ од . По предметот И.бр.398/12 извршителот не наплатил парични средства од должникот на име долг.

Извршителот З.М примил барање за извршување на ден 21.06.2012 година заведено под И бр.472/12 од доверителот З.А од КП, против солидарните должници Д.А и Б.Мдвајцата од КПврз основа на Пресуда на Основниот суд во КПК.бр. 87/02 од 18.11.2004 година, со која должниците се задолжени солидарно да му исплатат на доверителот износ од ден. на име трошоци сторени во текот на кривичната постапка со камата сметано од 18.11.2004 година до конечната исплата. Во барањето за извршување доверителот предложил извршувањето да се спроведе од трансакциската сметка на должникот Б.М кој бил во редовен работен однос во ЈП Македонски шуми - Подружница КП- Осогово и од неговата плата да се изврши наплата на побарувањето на доверителот.

Постапувајќи по барањето за извршување извршителот издал Налог за извршување (врз основа на член 129 од Законот за извршување) со кој определил забрана на 1/3 од платата што должникот ја остварувал кај работодавецот ЈП Македонски шуми Скопје, ПШС Осогово - КП, за наплата на парично побарување во износ од ден. на име трошоци на постапката определени во извршната исправа со камата сметано од 18.11.2004 година до исплатата и трошоци на извршувањето во износ од ден . На ден 09.07.2012 година извршителот го доставил налогот за извршување до работодавецот ЈП Македонски шуми Скопје, ПШС Осогово -КП.

На ден 31.07.2012 година извршителот примил писмено известување од ЈП Македонски шуми Скопје, ПШС Осогово - КПдека на должникот Б.Мму се спроведува административа забрана од платата за ануитети на одобрен кредит од банка, поради што извршувањето на Налогот за извршување И бр.472/12 ќе биде со задоцнување во период од три години.

На ден 24.08.2012 година извршителот доставил Барање за информации и податоци до Секторот за внатрешни работи К - ПС КП, дали должникот Б.Мима патничко или товарно моторно возило на свое име.

На ден 05.09.2012 година извршителот примил известување од Секторот за внатрешни работи К - ПС КПдека лицето Б.Мод КПпоседува патничко моторно возило SEAT TOLEDO со рег. бр. KU-040-ML кое е регистрирано до 31.10.2012 година.

Извршителот по предметот И бр.472/12 наплатил вкупно 7.965,00 ден., од кои 3.842,00 ден. се префрлени на доверителот, а од останатите парични средства се намирени трошоците на извршување.

Извршителот З.М од КП на ден 21.06.2012 година примил барање за извршување заведено под И бр.473/12 од доверителот З.А од КП, против должникот Д.А, од КП врз основа на Пресуда на Основниот суд во КПК.бр. 104/03 од 22.06.2004 година, со која должниот е задолжен да му плати на доверителот износ од 25.900,00 ден. на име трошоци сторени во текот на кривичната постапка со камата сметано од 22.06.2004 година до конечната исплата.

Постапувајќи по барањето за извршување извршителот издал Налог за извршување (врз основа на член 86 став 1 од Законот за извршување) со кој му наложил на должникот Д.А, во рок од три дена по приемот на налогот да му исплати на извршителот износ од ден. на име трошоци на постапката со камата сметано од 22.06.2004 година до исплатата и трошоци на извршувањето во износ од ден.

Извршителот го доставил налогот за извршување до должникот по пошта на ден 29.06.2012 година.

На ден 27.09.2013 година извршителот донел Налог за извршување (врз основа на член 129 од Законот за извршување) со кој определил забрана на 1/3 од платата што должникот Д.А ја остварувал кај работодавецот ДПТУ БВДекспорт-импорт КПизнос од 25.900,00 ден. на име трошоци на постапката со камата сметано од 22.06.2004 година до исплатата и трошоци на извршувањето во износ од 7.935,00 ден. На ден 01.10.2013 година извршителот го доставил налогот за извршување до работодавецот ДПТУ БВД КП.

По предметот И бр.473/12 извршителот не наплатил парични средства од должникот на име долг.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на Република Македонија на главен претрес на ден 17.12.2013 година одлучувајќи по повод основаноста на Предлогот на Министерот за правда УПП бр.09-355 од 22.11.2013 година утврди дека извршителот З.Мод КПсторила дисциплинска повреда постапувајќи по предметот И.бр.398/12 на начин што иако имала сознанија за подвижен имот-возило во сопственост на првиот солидарен должникот таа подолг период не превземала извршни дејствија насочени кон тоа патничко моторно возило со што постапил спротивно на начелото на итност и редослед во постапувањето по ЗИ. Па извршителот наместо да пристапи кон попис и процена на возилото по добивање на информацијата од МВР на ден 31.05.2012 година дека должникот поседува возило, извршителот на ден 07.06.2012 донел Налог по член 86 од ЗИ а со понатамошните испитувања на имотната состојба на првиот солидарен должник како и со дополнителните барањата на податоци од МВР во однос на статусот на регистрацијата на возилото во сопственост на должникот извршителот го неосновано го одолговлекувал спроведувањето на извршувањето.

Дисциплинската комисија ги ценеше наводите дадени во одговор на предлогот од страна на извршителот на околноста дека не може да биде повикан на одговорност за непревземање на дејствија односно одолговлекување на извршувањето во ситуација кога доверителот не ги авансирал трошоците за превземање на извршни дејствија, меѓутоа истите не влијаеа за поинакво одлучување од страна на Дисциплинската комисија од причина што видно од списи од предмет извршителот побарал авансирање на парични средства од доверителот на ден 08.04.2013 година што е многу подоцна од приемот на барањето за извршување на ден 07.05.2012 година по предмет И.бр.398/12.

Дисциплинската комисија е на став дека извршителот ја сторил дисциплинската повреда која му се става на товар по член 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување: "при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни со овој закон" на начин што при спроведување на извршување по предметот И.бр.398/12 паричната обврска на солидарните должници ја поделил на еднакви делови помеѓу солидарните должницит е со што постапил спротивно на предвиденото со член 207 од Законот за извршување од причина што солидарната обврска која изрично била наведена како таква во извршниот наслов извршителот ја третирал како делива обврска спротивно на одредбите од Законот за облигационите односи. Имено извршителот

донел налози за извршување за секој солидарен должник посебно во кои ја поделил обврската на сите солидарни должници со што постапил спротивно на член 207 од ЗИ.

Дисциплинската комисија е на став и дека извршителот превземал дејствија кои не се предвидени со Законот за извршување постапувајќи и во предметот И.бр. 398/12 од причина што на ден 15.11.2012 година извршителот донел Заклучоци за ставање вон сила на свои акти а вакво извршно дејствие на извршителот не е предвидено со ЗИ а воедно вакви заклучоци не се пропишани како форма ниту од страна на министерот за правда. Од изведените докази, како неспорно произлегува и дека извршителот ставил вон сила свои акти истото може да го стори само претседателот на судот по приговор од странките согласно член 77 од ЗИ па со кои дејствија извршителот З.Мод КПго сторила битието на делото за кое се товари по член 54-д став 1 алинеја 5 од ЗИ: "при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни со овој закон".

Од изведените докази комисијата утврди и дека извршителот вршејќи ја должноста по предметот И.бр.472/12, иако на ден 05.09.2012 година примил известување од Секторот за внатрешни работи К - ПС КПдека солидарниот должник Б.Мпоседува патничко моторно возило тој не преземал извршни дејствија врз патничкото моторно возило на солидарниот должник а со цел реализирање на паричното побарување на доверителот со што извршителот неоправдано го одложувал извршувањето и го сторил битието на делото кое му се става на товар по член 54-г став 1 алинеја 10 од Законот за извршување : „неосновано го одолговлекува извршувањето ".

ДК при КИРМ утврди дека извршителот З.Мво периодот од 21.06.2012 година кога издал Налог за извршување по член 86 став 1 од ЗИ, па се до 27.09.2013 година кога издал Налог за извршување по член 129 од ЗИ, не преземал никакви извршни дејствија по предметот И.бр.473/12 па со ваквиот начин на постапување извршителот неосновано го одолговлекувал извршувањето . Согласно што ДК на КИРМ е на став дека со овие дејствија по предмет извршителот З.Мод КПод Скопје го сторил битието на делото кое му се става на товар по го сторил битието на делото кое му се става на товар по по член 54-г став 1 алинеја 10 од Законот за извршување : „неосновано го одолговлекува извршувањето ".

Имајќи предвид наведеното, ДК при КИРМ е на став дека извршителот З.Мод КПпостапувајќи по предмет И.бр. 398/12 го сторил битието на делото кое му се става на товар по член 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување: "при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни со овој закон" како и постапувајќи по предметите И.бр.398/12, И.бр.472/12 и И.бр.473/12 го сторил битието на делото кое му се става на товар по член 54-г став 1 алинеја 10 од Законот за извршување : „неосновано го одолговлекува извршувањето ".

Како во преземените дејствија од страна на извршителот се содржани сите битни елементи на дисциплинската повреда :“при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни со овој закон“ од чл. 54-д став 1 алинеја 5 од ЗИ и дисциплинската повреда „неосновано го одолговлекува извршувањето“ од член 54-г став 1 алинеја 10 од Законот за извршувување Дисциплинската комисија го огласи за виновен извршител З.Мза сторени повреди па со примена на правилата за вонредно ублажување на казната за истото му изрече парична казна во износ од евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на ден на изрекување.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се како олеснителната околност дека извршителот претходно не е дисциплински казнуван, а како и околноста што доверителот не ги авансирал трошоците на извршувањето во предметот И.бр.398/12, а како отежнителна околност тоа што извршителот е со долгогодишно работно искуство како извршител па истиот бил должен да знае дека со тоа што на солидарна обврска и дава третман на делива обврска како и со тоа што наместо судот самиот ставал свои акти вон сила, превземал дејствија спротивни на одредбите на Законот за извршување со што предизвикал правна несигурност кај странките во постапката, па во склоп на истите му ја одмери казната. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата казна ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден година согласно чл. 59-в став 1 алинеја 3 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10) одлучи како во изреката на ова решение.

Согласно чл. 54-б став 2 в.в со чл. 61 ст.2 од ЗИ се задолжува обвинетата извршителка З.М од КП да плати на име парична казна износ во висина од евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекување, на сметка на Комората на извршители бр. во Стопанска банка АД Скопје, во рок од 15-дена од прием на одлуката, а под страв на присилно извршување.

**Дисциплинска комисија на КИРМ**

**Претседател**

Снежана Фитеска

-----------------------------

**Правна поука** : против оваа одлука извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РМ во рок од 30 дена по приемот

**Дн:** Претседател на КИРМ
Министерство за правда
Извршител З.М од КП
Архива